Архивски број: 08-35/4
24-02-2022 Година

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

Постапувајќи по претставката бр. 08-35/1 од 20.01.2022 година, поднесена од [redacted] од [redacted] против Радмила Шеќеринска - Јанковска од Скопје, за сторена дискриминација по повеќе основи во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 23.02.2022 година го донесе следното:

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ Е УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** дека врз лицето [redacted] од [redacted] е сторена дискриминација по повеќе основи во областа на работа и работни односи од страна на лицето Радмила Шеќеринска – Јанковска како Министер за одбрана.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 20.01.2022 година лицето [redacted] од Скопје, вработен во Министерството за одбрана на работно место Помошник раководител во Секторот за Цивилно воена соработка со Регионалните центри за одбрана, поднесе Претставка бр. 08-35/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата).

Во претставката подносителот навел дека врз него е сторена дискриминација по повеќе дискриминаторски основи (повеќекратна дискриминација), дека дискриминацијата трае подолг временски период (продолжена дискриминација) и дека истата е повторена дискриминација. Според подносителот дискриминацијата е сторена со тоа што истиот веќе подолг период е на истата работна позиција и со истото звање помошник раководител на сектор и дека не му е овозможено унапредување во повисоко звање, односно раководител на сектор. Исто така, подносителот во претставката наведува дека од 18.07.2017 година не добивал работни задачи и дека немал овластување за вршење на работните обврски, притоа наведувајќи дека во периодот од 2015 до 2017 година со овластување вршел работни задачи од делокругот на работи на раководителот на Секторот за Цивилно воена соработка со Регионалните центри за одбрана, од причини што раководителот на секторот отсуствувал од работа поради болест. Подносителот, понатаму, во претставката тврди дека работното место Раководител на Сектор за Цивилно


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

воена соработка со Регионалните центри за одбрана било наменето за лице Албанец или Турчин согласно Актот за систематизација на работните места во Министерството за одбрана и дека според него тоа работно место требало да му биде понудено нему.

Кон претставката подносителот приложи копија од Решение за вработување на државен службеник во Генерален секретаријат на Влада на РМ од 26.07.2006 година, копија од Спогодба за преземање на државен службеник за засновање на работен однос на неопределено време без објавување на јавен оглас, од Генерален секретаријат на Влада во Министерство за одбрана на 08.08.2006 година, копија од Решение за утврдување на право на плата по престанување на функција од 04.01.1999 година, копија од Решение за распоредување на работно место од помошник раководител на сектор од Сектор за координација на работата на одделенијата за одбрана во општините и одделенијата во Сектор за цивилна одбрана на работно место помошник раководител на сектор во Секторот за Цивилно воена соработка со Регионалните центри за одбрана од 18.08.2010 година, како и копии од електронски пораки испратени од електронска адреса на подносителот на електронските адреси на Министерката за одбрана Радмила Шеќеринска – Јанковска и кабинетот на Министерството и копија од писмено барање за средба упатено до Кабинетот на Министерството, односно Министерката за одбрана Радмила Шеќеринска – Јанковска без доказ за прием, односно достава до адресантите.

Комисијата ја достави горенаведената претставка со Известување бр. 08-35/3 од 26.01.2022 година до лицето против која истата е поднесена, но во предвидениот рок согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита о
д дискриминација не доби изјаснување.

Оттука, Комисијата ценејќи ги само наводите во претставката, односно изнесените факти и околности, заедно со приложената документација кон истата, утврди непостоење на веројатност за сторена дискриминација по повеќе дискриминаторски основи како што е наведено во самата претставка.

Имено, Комисијата не ги најде за веројатни изнесените факти и околности во претставката, од причини што подносителот кон претставката не приложил релевантни материјални докази со кои би го сторил веројатно постоењето на дискриминација, односно истиот не навел и доставил податоци за спроведена постапка за вработување, односно унапредување за работното место Раководител на Сектор за Цивилно воена соработка со Регионалните центри за одбрана во Министерството за одбрана. Дотолку што истиот не навел релевантни факти за спроведен избор, односно дека се пријавил на објавен оглас за вработување за предметното работно место и звање и дека со изборот на лице за вработување на тоа место, самиот тој бил ставен во понеповолна положба од останати пријавени лица или избраното лице, или пак дека бил спречен да го оствари своето право согласно позитивните законски прописи во постапката за вработување врз некој од дискриминаторските основи, односно врз основа на етничка припадност согласно наведеното во претставката. Дополнително на тоа, поради недостиг на горенаведените


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

факти и докази, подносителот не го сторил веројатен и фактот дека за работната позиција на Раководител е предвидено вработување на одреден припадник на етничка заедница, Албанец или Турчин како што е наведено во претставката, согласно начелото за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

Согласно член 5 став 1 од Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на РМ" бр. 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/2019, 14/2020 и 302/2020), институциите, согласно со начелото на еднакви услови и еднаков пристап за сите заинтересирани кандидати до работното место, имаат обврска слободните работни места и условите за нивно пополнување да ги огласуваат преку интерен, односно јавен оглас.

Понатаму, согласно член 6 став 2 од истиот Закон, унапредувањето во јавниот сектор се врши преку објавување на интерен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, во која врз основа на оценката за учинокот, стручноста и компетентноста на кандидатите, се избира најдобриот кандидат за работното место од редот на вработените во институцијата.

Согласно член 30 ставови 1 и 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017 и 11/2018 и („Службен весник на РСМ" бр. 275/2019, 14/2020 и 215/2021), пополнувањето на работно место на административни службеници се врши преку спроведување на постапка за вработување, унапредување и мобилност преку распоредување или преземање. Постапката за вработување започнува со објавување на јавен оглас, по што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција се избира најдобриот кандидат за работното место и истиот заснова работен однос со работодавачот, додека постапките за унапредување започнуваат со објавување на интерен оглас, по што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција се избира најдобриот кандидат од редот на вработените во институцијата и истиот преминува на работно место на повисоко ниво.

Понатаму, подносителот не навел релевантни факти и не доставил соодветни докази, односно податоци за тоа на кој начин, за која намена и под кои услови помошник раководителот на сектор добива посебни овластувања и дали истите се користат непречено или само во случај на спреченост на раководителот на секторот. Односно подносителот не навел релевантни факти дека вакви овластувања задолжително врз основа на одреден пропис или акт се даваат на вработен со звање помошник раководител на сектор и дека лицето против кое е поднесена претставката, иако должно, не ги дало таквите овластувања, притоа, исклучувајќи го и ограничувајќи го подносителот врз дискриминаторски основ.

Согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Оттука, Комисијата имајќи го во предвид горенаведеното, согласно изнесените факти и во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, не го најде за веројатно тврдењето дека е сторена дискриминација во смисла на член 6 став 1 врз некој од основите согласно член 5 од Законот.

Комисијата може да постапува по повторно поднесена претставка за истиот основ, доколку подносителот изнесе нови факти и околности со кои ќе ја стори веројатна дискриминацијата.

23.02.2022 година
Скопје

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Кире Василев

Доставено до:
-[redacted]
-Архива на КСЗД


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk